ЗАПИСНИК
**од 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 20.10.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, м-р Арбен Саити, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:20 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение на 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 06.10.2022 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение на 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 06.10.2022 година.
3. Усвојување на Предлог-записник од 39-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 06.10.2022 година.
4. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво телевизија КАНАЛ-21 ДООЕЛ Велес.
5. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга –обезбедување толкување на македонски знаковен јазик, за глуви и наглуви, за дел од активностите за време на Деновите на медиумска писменост 2022 година, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки.
6. Предлог - упатство за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година.

7. Предлог за поведување прекршочна постапка против ТВ Шутел за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
8. Предлог за поведување прекршочна постапка против ТВ 21-М за прекршување на член 53 став 2 од ЗААВМУ.
9. Предлог за изменување и дополнување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
10. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: Систем за автоматско управување со документи.
11. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Одржување и сервисирање на службени моторни возила.
12. Предлог – одлука за исплата на надоместок за смрт на член на семејство.
13. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од првото продолжение на 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 06.10.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од првото продолжение на 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 06.10.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 39-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 06.10.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-решението за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво телевизија КАНАЛ-21 ДООЕЛ Велес. Објасни дека кај овој радиодифузер пред одреден временски период е отворена стечајна постапка. Со оглед на тоа што се настанати услови во врска со стечајната постапка, а при тоа не ја емитува ниту програмата што е констатирано со службена белешка на ИТ Секторот, има изјава од радиодифузерот дека престанува со емитување, и со оглед на тоа што не се најави и не присуствуваше на јавната седница, единствено што преостанува е да се предложи до Советот да донесе решение за да се избрише од регистарот на радиодифузери.

Г-дин Петрушевски рече дека ова претставува техничка одлука која е последица на стечајната постапка и неговата изјава за престанок на работа. Смета дека изјавата е добра и за него затоа што ако закрепне во иднина може да аплицира и да го обнови медиумот.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво телевизија КАНАЛ-21 ДООЕЛ Велес.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето му посака да дојдат подобри времиња и во иднина да го обнови медиумот, можеби и под истото име.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга-обезбедување толкување на македонски знаковен јазик, за глуви и наглуви, за дел од активностите за време на Деновите на медиумска писменост 2022 година, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки. Објасни, со цел да се направат настаните за време на Деновите на медиумска писменост подостапни за оваа категорија на граѓани, се предлага да се обезбедат 8.400,00 денари за да може да се овозможи ангажирање на толкувачи на знаковен јазик.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на услугата-обезбедување толкување на македонски знаковен јазик, за глуви и наглуви, за дел од активностите за време на Деновите на медиумска писменост 2022 година, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки, во износ чија вредност нема да го надмине износот од 8.400,00 денари без вклучен ДДВ.

Средствата за горенаведената услуга се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-упатството за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година. Објасни дека овој документ како нацрт верзија беше донесен на почетокот на ова лето и за него беше отворена јавна расправа која траеше подолго од вообичаено односно 75 дена. Наведе дека на последниот јавен состанок на Агенцијата кој се одржа на 29 септември беа поканети сите радиодифузери за да се произнесат за нивните ставови во однос на скратувањето на роковите. На тој јавен состанок беа присутни Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ и советникот Зоран Фиданоски. Сите дискутанти што беа присутни се изјаснија дека немаа забелешки и истакнаа дека им одговара намалувањето на роковите за да можат во пократок период да ги отстранат

прекршувањата бидејќи долгите рокови за усогласување со Законот им предизвикувале да заборават на прекршувањата и да бидат изненадени кога ќе добијат прекршочна пријава. Исто така кога нацрт верзијата беше објавена на веб страницата и се отвори јавна расправа нема пристигнато никакви забелешки од никого.

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Упатството за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, со текст како што беше предложен.

Упатството за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка влегува во сила со денот на неговото донесување а ќе се применува од 1 јануари 2023 година.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведеното упатство да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече да се информираат радиодифузерите, иако биле „за" сепак да не има некој од нив што не знае дека овие рокови се намалени, не само со објава на веб страницата туку да се известат и со допис од кога ќе почне да важи упатството.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка против ТВ Шутел за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Објасни дека овој прекршок е констатиран со контролен надзор кој е реализиран од снимки на програмата од 28 септември до 6 октомври. На овој радиодифузер на 26 август оваа година му беше изречена мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, и му беше даден рок за усогласување со законските обврски од 30 дена. Со надзорот е констатирано дека радиодифузерот не постапил по Решението за изрекување мерка јавна опомена односно и понатаму ја врши истата повреда на Законот и на Правилникот за заштита на малолетните лица. Спротивно на овие одредби на 28 септември радиодифузерот неколку играни програми, „Злосторникот", „Me Deputeto", „Волшебникот од Оз", „Jackson comedy", две епизоди од „Islamsko serija" и скриената камера „Gags-just for laughs", беа емитувани без соодветна предупредувачка сигнализација пред почетокот и без класификациска ознака за категоријата програма во текот на целото времетраење, а играниот филм „Љубовен роман" беше емитуван без предупредувачка сигнализација пред почетокот на прикажувањето. Од таа причина се предлага да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-3752/1 од 06.10.2022 година на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје и утврди прекршување член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Советот едногласно заклучи против Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот надзор е констатирано дека на 28 септември 2022 година, играните програми: „Злосторникот“, „Me Deputeto“, „Волшебникот од Оз“, „Jackson comedy“, две епизоди од „Islamsko serija“ и скриената камера „Gags – just for laughs“ беа емитувани без соодветна предупредувачка сигнализација пред почетокот и без класификациска ознака за категоријата програма во текот на целото времетраење, а играниот филм „Љубовен роман“ беше емитуван без предупредувачка сигнализација пред почетокот на прикажувањето.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Точка 8**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка против ТВ 21-М за прекршување на член 53 став 2 од ЗААВМУ. Во врска со овој извештај објасни дека е реализиран состанок помеѓу него, вишиот соработник од Секторот за програмски работи Виктор Шиков со директорот на телевизијата г-дин Ваљон Сараќини. Ова е контролен надзор и со него повторно е констатирано дека радиодифузерот го прекршува член 53 став 2 од ЗААВМУ односно не ја почитува забраната за прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации односно забрана за скриено рекламирање. Не само во наведениот ден кога е извршен надзорот туку и во други денови во емисиите кои не се означени дека се пласираат производи водителката за оваа емисија или водителите од други емисии во крупен кадар ги претставуваат производите кои се предмет на рекламирање, говорат во суперлатив за нив и дури во една од емисиите водителката го користи препаратот. Од Секторот за програмски работи повеќе пати е направена комуникација и со главниот уредник односно програмскиот директор и со новинарката од оваа емисија но од нивна страна не е постапено по укажувањето од Агенцијата. На состанокот што го имале со директорот од страна на Виктор Шиков му беше презентирано на кој начин може да се реализираат ваквите емисии и се надева дека во наредниот период ова прекршување ќе биде отстрането бидејќи на директорот на телевизијата му беше апсолутно јасно на каков начин можат да го реализираат ваквиот тип на програми без притоа да се прекрши ЗААВМУ.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-3762/1 од 07.10.2022 година на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје и утврди прекршување член 53 став 2 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот надзор е констатирано дека на 23 септември 2022 година, во говорната-шоу програма со забавна медиумска функција „Pastel“, беше емитувана прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација на козметичките производи од „JM Органикс“.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Точка 9**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изменување и дополнување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека на една од претходните седници по доставен предлог Советот изгласа да се воведе ново работно место Виш соработник во Секторот за информатичка поддршка и општи работи и согласно тоа сега се утврдува бројот на бодови за истото.

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Правилникот за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Горенаведениот подзаконски акт да се објави на огласната табла на Агенцијата.

**Точка 10**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Систем за автоматско управување со документи. Објасни дека оваа јавна набавка и минатата година се распиша, но не се реализира. Имаше доста строги критериуми и од трите компании што се јавија ниту една не ги исполнуваше критериумите. Едната од компаниите се жалеше и до Комисијата за жалби за јавни набавки, но Комисијата го потврди решението на Агенцијата. Секторот за информатичка поддршка и општи работи ја изработи тендерската документација и овој пат воведе малку полиберални услови па се очекува да се јават поголем број на компании кои можат да ги исполнат условите и да ја реализираат оваа јавна набавка.

Г-дин Петрушевски рече дека ја погледнал техничката спецификација која е доста солидно напишана и верува дека во Македонија сигурно има 5 фирми што можат да ги исполнат условите. Се надева дека ќе се јават во тој број и со добра конкуренција ќе се добие најниска можна цена.

Г-дин Фиданоски го праша директорот дали тоа што го објаснил како полиберални услови мисли на сооднос цена 70 бода и квалитет 30 бода и дали смета дека со овој сооднос за кој лично смета е добар, ќе има успешна јавна набавка?

Г-дин Трајчевски објасни дека најконкретно за техничката спецификација може да одговори раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи м-р Арбен Саити. Објасни дека одредени сертификати што се бараа минатата година да ги исполнат фирмите сега се тргнати затоа што тие барања ги исполнуваа само три фирми, а останатите барања не можеше да ги исполни ниту една фирма. Добиле информации дека една од тие фирмите која учествуваше лани на јавната набавка во повеќе големи институции каде што ја добила јавната набавка не успеала да ја реализира и им бил раскинат договорот.

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи м-р Арбен Саити објасни дека при изработката на техничката спецификација овој пат е малку сменет приодот во споредба со минатата година, пред сè во однос на

сертификатите на вработените лица или лицата кои треба да бидат ангажирани за проектот. Исто така се намали и бројот на референци по сугестија од обуката која пред кратко време се одржа во Агенцијата со Бирото за јавни набавки. Во однос на пристапот во оваа спецификација се вклучени сите ИСО процедури што ги има во Агенцијата така што се надева дека целиот процес на работа во Агенцијата ќе биде дигитализиран со тенденција за минимално користење на хартија бидејќи таа ќе се користи само за финални документи. Информира дека секторот направил мало истражување и согледале дека многу државни институции го воведуваат овој Систем за автоматско управување со документи.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-стока: Систем за автоматско управување со документи.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот- стока: Систем за автоматско управување со документи е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-3616/1 од 30.09.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 11**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Одржување и сервисирање на службени моторни возила. Објасни дека станува збор за набавка од мала вредност која што Агенцијата ја спроведува согласно праксата на 2 години. Набавката е потребна со цел да се обезбеди сигурност и безбедност на возилата кои се во сопственост на АВМУ. Според проценетата вредност набавката ќе се спроведе како набавка од мала вредност согласно одредбите од Законот за јавни набавки тоа значи дека огласот за оваа јавна набавка ќе се објави само на електронскиот систем за јавни набавки а финансиските средства се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година, односно ќе бидат обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата за 2023-та година.

Г-дин Петрушевски рече дека согласно материјалите од точката предвидени се 550.000,00 денари за 2 години односно по 275.000,00 денари годишно.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе даде поддршка за оваа јавна набавка и смета дека износот е адекватен со оглед на тоа колку што му е познато повеќето од службените возила се користат повеќе од 10 години но се во добра кондиција и добро се одржувани. Познавајќи го пазарот колку чини сервисирање или поправка на возилата смета дека апсолутно цената е адекватна и ќе даде поддршка.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: Одржување и сервисирање на службени моторни возила, за 2 (две) години.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Одржување и сервисирање на службени моторни возила, за 2 (две) години е

предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-3616/1 од 30.09.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година, односно ќе бидат обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата за 2023-та година.

**Точка 12**

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе Одлука за исплата парична помош - надоместок за смрт на член на потесното семејство (татко), на работникот распореден на работното место во Секторот за информатичка поддршка и општи работи во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во висина од 15.000,00 (петнаесет илјади) денари.

Горенаведените средства се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година.

**Точка 13**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-3850/11

03.11 **2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**